Географија VII одд

Тема: Стопанско – географски карактеристики на РСМ
Наставна содржина:

# Сообраќај

Критериуми, погодности и принципи за формирање сообраќајна мрежа

- Сообраќајот е стопанска гранка која ја опфаќа просторната поврзаност на географските области и населби, така што овозможува движење на луѓето, размена на производи и на информации.
- Сообраќајот, како систем, го сочинуваат:
  1. сообраќајна мрежа
  2. сообраќајни средства и
  3. сообраќајни институции, односно луѓето
- Формирањето и организацијата на сообраќајниот систем зависи од повеќе **критериуми**, **принципи** и **фактори**. Најзначајни се **географската положба**, **релјефот**, **населеноста** и **развиеноста на стопанството**.



Prizren
Kyustendil
Gyueshevo
Крива Паланка
М-1
М-2
М-2
Куманово
Тетово
М-4
М-4
Скопје
М-3
М-1
М-4
М-5
Делчево
Кочани
Гостивар
М-4
Кадрифаково
Велес
М-1
М-6
Штип
Радовиш
М-5
М-6
Дебар
Кичево
Неготино
Градско
Струмица
Русјани
М-1
Кавадарци
Демир Капија
М-4
Прилеп
М-5
М-1
Струга
Gevgelija
Охрид
Охридско езеро
Ресен
Суводол
Битола
Преспанско езеро

1. **Географската положба**, како критериум и како фактор, влијае во смисла на тоа дали одреден простор се наоѓа во близината на линијата на некој сообраќаен коридор или е подалеку. На пример, Македонија  се наоѓа на линијата на коридор 10 (Белград - Атина), но понастрана од коридорот (Виена - Софија).

2.  Формирањето и изградбата на сообраќајната мрежа многу зависат од одликите на **релјефот** на одредена географска територија. (Планини и котлини)

3.  **Населеноста**, како фактор во формирањето на сообраќајната мрежа, влијае преку бројноста на населението.

4. **Развиеноста на стопанството** влијае позитивно врз сообраќајниот систем ако е на повисоко ниво и обратно. Тоа значи – поголеми потреби за транспорт на суровини, готови производи, работна сила и тн.










-Што е сообраќај?

- Кои фактори влијаат врз развојот на сообраќајот?

- Како влијае географската положба врз сообраќајот?

- Зошто е важна населеноста за изградба на сообраќајната мрежа?